Уп. Бр.08-_____202__

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Стелантис Н.В. со седиште на Таурусавењу 1, 2132ЛС Хофдорп, Холандија и Хон Хаи Прецижн Индустри Ко. Лтд со седиште на бр.2, Зувоу Ст., Тученг Дист., Њу Тајпеи Сити, Тајван, Република Кина преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 11.01.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Стелантис Н.В. со седиште на Таурусавењу 1, 2132ЛС Хофдорп, Холандија и Хон Хаи Прецижн Индустри Ко. Лтд со седиште на бр.2, Зувоу Ст., Тученг Дист., Њу Тајпеи Сити, Тајван, Република Кина, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 18.11.2022 година а дополнето на 12.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација со која друштвата Стелантис Н.В. со седиште на Таурусавењу 1, 2132ЛС Хофдорп, Холандија и Хон Хаи Прецижн Индустри Ко. Лтд со седиште на бр.2, Зувоу Ст., Тученг Дист., Њу Тајпеи Сити, Тајван, Република Кина, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување. Целосно функционалното заедничко вложување првенствено ќе биде активно во проектирање и обезбедување на полупроводници за потребите на автомобилската индустрија. По Предложената трансакцијата, Стелантис Н.В. и Хон Хаи Пресижн Индустри Ко., Лтд ќе поседуваат по 50% од уделот во Заедничкото вложување, над кое ќе имаат заедничка контрола.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Стелантис Н.В.** е субјектот кој има настанато како резултат на концентрацијата помеѓу Пежо С.А. и Фиат Крајслер Аутомобилс Н.В. и е владејачкото друштво на Стелантис групацијата на друштва („Стелантис групација“). Стелантис групацијата е глобална автомобилска групација активна во проектирање, инженерство, производство, дистрибуција и продажба на автомобили, делови и системи за производство на автомобили, на светско ниво.

<u>Стелантис групацијата нема регистрирани субјекти во Република Северна Македонија</u>, а индиректно остварува приходи, главно од продажбата на своите возила преку независни дистрибутери.

**Хон Хаи** е друштво од Тајван, чии акции котираат на Тајванската берза. Хон Хаи е владејачко друштво на Фокскон групацијата на друштва . Хон Хаи е водечки давател на технолошки решенија. Неговите производи и услуги се категоризираат на следниот начин:

- делови вклучувајќи разновидни приклучоци, склопови на кабли, кабелски куќишта и електронски и други компоненти;
- модули составени од матични плочи и подсклопови; и ,

- системи составени од целосен системски склоп на електронски производи.

Фокскон групацијата не е активна и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**